# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР ВО ЈАВНА УСТАНОВА

### 1. Намена и цел на постапката

Постапката е наменета да го опише начинот на работа во одделението за подршка на Градоначалникот и нормативно, правни и општи работи, согласно барањата на стандардот ИСО 9001:2008.

### 2. Примена на постапката

Постапката ја применува Соработник за нормативно правни работи во соработка со Градоначалникот и персоналот кој реализира активности на процесите кои се во врска со Одделението за подршка на Градоначалникот и нормативно, правни и општи работи.

### 3. Активности за постапката за избор на Јавна Установа

Јавни установи под надлежност на Општина Илинден се Основните училишта и детските градинки. Изборот на Директорот во Јавните установи се врши на ист начин и истиот е дефиниран во продолжение на постапката.
Директорот на Јавната Установа, го избира и разрешува Градоначалникот по предлог на Училишниот одбор на Основното училиште.

Градоначалникот донесува одлука за избор на директор на Јавна Установа, 3 месеци пред завршување на мандатот на постојниот Директор и ја доставува одлуката до одборот на Јавната установа. Ако Градоначалникот не донесе Одлука во рок од 3 месеци пред истекот на мандатот на постојниот Директор на Јавната установа, одбор објавува оглас за избор на Директор.

Во Јавниот оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнавуваат кандитатите за Директор, потребната докуемнтација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Пријавените кандитати ги доставуваат потребните документи до одборот на Јавната установа. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа за период на четири години. Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од три члена избрана од одборот на Јавната установа.

Комисијата е должна во рок од 5 дена по завршување на Јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи. На кандидатите кои не ги исполнуваат

условите предвидени во Јавниот оглас, им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.

Одборотна Јавната установа и преставникот од Бирото за развој на образование (или преставни на друг одговорен орган), вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Одборот на Јавната установа во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот на Општината му предлага 2 кандидати за избор на Директор.
Доколку на Јавниот оглас се пријават повеќе Кандидати.

Градоначалникот во рок од 10 дена од добивањето на предлогот, избира еден кандидат за Директор на Јавна Установа. Ако Градоначалникот во определениот рок не изврши избор, изборот го врши Министерот за образование (или Министерот на труд и социјала).

Кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката имаат право на жалба во однос на Постапката за избор на Директор до второстепената комисија на Владата на Р. Македонија, надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи. Против одликата на комисијата кандидатот може да поведе спор пред надлежниот суд.

По донесената одлука се изготвува решение за избор на Директор на Јавна установа - во Одделението за подршка на Градоначалникот, нормативно правни и општи работи.

Едно решение се дава на Директорот на Јавната установа, едно решение во архива и едно решение во Општинското Јавна Установа.

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## 4. Дијаграм на тек на Постапката за избор на Директор во Јавна Установа



**5. Референтни документи:**

- Закон за локална самоуправа;
- Закон за работни односи;
- Закон за пензиско инвалидско;
- Закон за основно образование;
- Закон за средно образование.

**6. Записи:**
- Јавен оглас
- Изјава заверена на нотар
- Решение

Одобрил:
Раководител на одделение за човечки ресурси